# СУПЕРФЛУИД

*Суперпластификатор за бетони и малтери, со висок степен на редукција на вода.*
*Одговара на: EN 934-2 (Табела 3.1 и 3.2), ASTM C494 type F, BS 5075 part 3*

## Област на примена:

За постигање на високи почетни и крајни јакости кај бетоните. За лиени бетони со значително намален W/C фактор, густо армирани пресеци, пумпани бетони, бетони отпорни на абразија, за бетони со поголем степен на водонепропусност и отпорност на агресии (сулфати, масла и сл.) Погоден е за подготовка на смеси за инјектирање.

## Својства:

- Редукција на вода до 25%;
- Ја зголемува компактноста на бетонот;
- Ги зголемува почетните и крајните јакости на бетонот;
- Ја подобрува обработливоста на бетонот без дополнително додавање на вода;
- Го намалува собирањето на бетонот кое се јавува при хидратацијата на цементот;
- Овозможува подобра финална површинска обработка на бетонските површини;
- Не содржи хлориди;

Редукција на вода
согласно EN 480-1 и EN 934-2, Табела 3.1




## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Тип: | Нафталин сулфонат |
| Изглед: | Кафена течност |
| Сува материја: | 38,0±2,0 |
| Запреминска маса: | 1,18±0,03 гр/см$^3$ |
| Содржина на хлориди: | нема |
| Содржина на алкалии: | <5,0% |
| pH-фактор: | 7,5±1,0 |

## Дозирање:

Оптималното дозирање на Суперфлуид најдобро се одредува со претходни проби користејки ги притоа материјалите и условите кој би се јавиле при практична употреба на бетонот. Се дозира од 0,6-1,5% од масата на цементот, во зависност од бараната редукција на вода која треба да се постигне, од количината на цемент во бетонската мешавина, од видот на цементот и др.
Дозирањето се врши рачно или со автоматски дозатори, најдобро во самата мешалка при припремањето на бетонската мешавина и тоа во водата потребна за припремање на бетонот. Времетраењето на машинско мешање на бетонската мешавина треба да се зголеми за 50% во однос на времетраењето на мешањето на бетонот без адитив.
Ако при нормални температурни услови, времето за транспорт и вградување, е поголемо од 30-40 минути, тогаш дозирањето се врши пред самото вградување - во миксер каде се врши дополнително мешање најмалку 5 минути.
При нормални услови, бетонот припремен со Суперфлуид треба да се вгради најдоцна за 30-40 минути, за кој период бетонот ја задржува потребната конзистенција. Со повторно дозирање на додатокот се реанимираат првичните својства на бетонската мешавина.

| **Надворешна температура** | [°C] | 10 | 20 | 30 |
|---|---|---|---|---|
| **Време на обработливост на свежиот бетон со slump 16-18см** | мин. | **60** | **30** | **20** |
| **Време на обработливост на свежиот бетон со slump 22-24см** | мин. | **90** | **60** | **40** |

За специјални бетони, каде се барат исклучително високи јакости, дозирањето може да се движи од 1,5-2,0% од масата на цементот.

## Ефект од предозирање:

Зголемената доза нема штетни последици по бетонот, но може да предизвика слабо успорување на процесот на втрднување на бетонот.

## Компатибилност:

Суперфлуид е компатибилен со повеќе адитиви од програмата на АДИНГ, освен со адитивите на поликарбоксилатна основа. Доколку во бетонската мешавина се користат два или повеќе адитиви потребно е да се направат предходни проби. Различните адитиви се дозираат посебно односно не се мешаат меѓусебно пред уфрлувањето во бетонската мешавина.
Суперфлуид е употреблив со сите типови на портланд цемент вклучувајќи ги и сулфатно отпорните цементи.

## Пакување:

пластични канти: 5, 12, 25 и 60 кг.
метални буриња: 240 кг.
контејнери: 1200 кг.

## Складирање:

Во оригинално пакување, на температура од 5°C до 35°C и заштитен од директно влијание на сончеви зраци. Рок на употреба 12 месеци.

Опасност по здравје:
Суперфлуид не содржи токсични материи, и покрај тоа потребно е да се внимава да не дојде во контакт со кожа, очи или да се проголта. Во случај на прскање на кожа или во очи потребно е испирање со чиста проточна вода. Доколку се проголта потребно е да се побара медицинска помош.
Пожар:
Суперфлуид е незапалива течност
Чистење и депонирање:
Чистењето на остатоци од Суперфлуид е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821
ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*